СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
НА ОПШТИНА МАВРОВО И РОСТУШЕ

СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА МАВРОВО И РОСТУШЕ **Излегува по потреба** **Рок на рекламации 15 дена**	**07.09.2017** **Ростуше** **Број 7 Год.XXII**	**e-mail:** **mavrovorostuse@yahoo.com** **Тел:(042)478–814; 478–815**

Ростуше, 07 Септември 2017 година

87.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,,Сл.Весник на РМ'' број 05/2002/, а во согласност со член 34 став 1 точка 3 и член 103 од Статутот на Општина Маврово и Ростуше /,,Сл.Гласник на Општина Маврово и Ростуше'' број 03/2015 (пречистен текст), Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуше го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

За прогласување на Одлука за за пристапување кон измена и дополна на дел од Урбанистичкиот план за с.Маврово

СЕ ПРОГЛАСУВА, Одлуката за пристапување кон измена и дополна на дел од Урбанистичкиот план за с.Маврово, број 08-220/3 што Советот на Општина Маврово и Ростуше ја донесе на својата 56-та седница, одржана на ден 30.08.2017 година.

Бр.09-223/1
04.09.2017 год. Ростуше

Општина Маврово и Ростуше
Градоначалник
Мукрем Мехмеди с.р

Врз основа на член 7 точка 2 , член 21 став 1, член 22 став 1 и член 23 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на Р.М.“ бр 60/11-пречистен текст), член 37 точка 7 од Статутот на Општината Маврово и Ростуша(„Сл. гласник“ бр 3/06) а во врска со член 2 алинеа 4 од Правинокот за стандардите за вклопување на бесправни објекти во урбанитичко планска документација („Сл. весник на Р.М“ бр. 56/11), на седницата одржана на ден 30.08.2017 година, Советот на Општината Маврово и Ростуше донесе:

ОДЛУКА

за пристапување кон измена и дополна на дел од Урбанистичкиот план за с.Маврово

Член 1

Со оваа одлука се пристапува кон измена и дополна на дел од Урбанистичкиот план за с.Маврово ,

Кон оваа измена се пристапува кон измена по иницјатива на Општината Маврово и Ростуше.

Измената се прави со цел вклопување на објект во постојната урбанистичко планска документација за с. _Маврово_ , заради утврдување на правен статус на истиот, согласно Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Сл. весник на Р.М.“ бр. 23/11, 54/11 и 56/11).

Член 2

Одлуката се донесува заради менување на просторот за Урбанитичкиот план, а со одлуката се врши проширување на просторот на урбанистичкиот план во зона живеалиште (ЖГ) со намена А1 .

Член 3

Со оваа одлука се врши проширување на просторот на урбанистичкиот план на земјиштето на КП. бр. 541/1 КО Маврово- .

Член 4

Одлуката произведува правно дејстово со денот на донесувањето од страна на Советот, а ќе се објави во „Службен гласник“ на Општина Маврово и Ростуше.

Бр. 08-220/3
30.08.2017 г. Ростуше

Совет на Оштина Маврово Ростуше
П р е т с е д а т е л
Нељат Исмаили, с.р.

88.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,,Сл.Весник на РМ'' број 05/2002/, а во согласност со член 34 став 1 точка 3 и член 103 од Статутот на Општина Маврово и Ростуше /,,Сл.Гласник на Општина Маврово и Ростуше'' број 03/2015 (пречистен текст), Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуше го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

За прогласување на Одлука за определување на места за истакнување на рекламен матријал на политичките партии за локалните избори 2017 година

СЕ ПРОГЛАСУВА, Одлуката за определување на места за истакнување на рекламен матријал на политичките партии за локалните избори 2017 година, број 08-220/4 што Советот на Општина Маврово и Ростуше ја донесе на својата 56-та седница, одржана на ден 30.08.2017 година.

Бр.09-223/2
04.09.2017 год. Ростуше

Општина Маврово и Ростуше
Градоначалник
Мукрем Мехмеди с.р

Врз основа на член 50, став 1, точка 16, од Законот за локална самоуправа / Сл.Весник на РМ број 05/2002/, и член 78 од Изборниот закон /Сл.Весник на Р.Македонија, бр 54/2011/ а во согласност со член 25 од Статутот на Општина Маврово и Ростуша /пречистен текст Сл.Гласник бр.03/2015 година/, Советот на Општина Маврово и Ростуше на ден 30.08.2017 година, ја донесе следната

О Д Л У К А

За определување на места за истакнување на рекламен матријал на политичките партии за локалните избори 2017 година.

Член 1

Со оваа одлука Општина Маврово и Ростуше согласно изборниот закон ги определува местата за истакнување на изборни плакати и и друг рекламен матријал на политичките партии за локалните избори 2017 година:

- На рекламни паноа и билборди кои можат да се користат за политичко рекламирање (со надоместок).
- на ѕидовите во влезот на населените места (без надоместок),
- на огласните табли тамо каде што ги има (без надоместок),
- на просториите во сопствените изборни штабови (без надоместок),
- изборни плакати може да се истакнуаат на приватни објекти доколку има согласност од сопственикот на објектот.

Член 2

Може да се истакнуваат изборни плакати со надомест на дополнителни места доколку за тоа има поднесено барање од организаторите на изборната кампања а по добиено одобрение од страна на општината.

Член 3

По завршувањето на изборниот процес организаторите на изборната кампања се должни рекламните плакати и друг рекламен материјал да го отсранат од местата каде што се истакнати.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе биде доставена до штабовите на политичките партии и објавена во службен гласник на општина Маврово и Ростуше.

Бр. 08-220/4
30.08.2017 г. Ростуше

Совет на Оштина Маврово Ростуше
П р е т с е д а т е л
Нецат Исмаили, с.р.

89.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,,Сл.Весник на РМ'' број 05/2002/, а во согласност со член 34 став 1 точка 3 и член 103 од Статутот на Општина Маврово и Ростуше /,,Сл.Гласник на Општина Маврово и Ростуше'' број 03/2015 (пречистен текст)/, Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуше го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

За прогласување на Одлуката за измена на член на одлуката заведена под бр.08-364/3 од 30.11.2015 година, за одобрување на земјиште за легално изграден објект во општината , а на барање нха физичко лице.

СЕ ПРОГЛАСУВА, Одлуката за измена на член на одлуката заведена под бр.08-364/3 од 30.11.2015 година, за одобрување на земјиште за легално изграден објект во општината , а на барање нха физичко лице**,** број 08-220/5 што Советот на Општина Маврово и Ростуше ја донесе на својата 56-та седница, одржана на ден 30.08.2017 година.

Бр.09-223/3
04.09.2017 год. Ростуше

Општина Маврово и Ростуше
Градоначалник
Мукрем Мехмеди с.р

Врз основа на член 22, став 1, точка 1 од Законот за локална самоуправа '' (Сл.Весник на РМ'' број 05/2002), а заради појаснување (допрецизирање) на член 51 од Законот за Просторно и Урбанистичко Планирање, согласно член 15, став 1, точка 1, и член 25, став 1, точка 6 и 7 од Статутот на Општина Маврово и Ростуше (Сл.гласник 03/2015 (пречистен текст).

Советот на општина Маврово и Ростуше на својата редовна седница одржана на ден 30.08.2017 год. ја донесе следната

О Д Л У К А

За измена на член на одлуката заведена под бр. 08-364/3 од 30.11.2015 година, за одобрување на земјиште за легално изграден објекти во општината а на барање на физичко лице.

Член 1

На барање од лицето Лирим Елмази а согласно условите на градежната парцела се менава член 1, став 1, точка 1, од Одлуката бр. 08-364/3 од 30.11.2015 година за применување на стандарди за големината на градежна парцела преку системот е-урбанизам на легално изграден објект при одобрување на доставена урбанистичка документација.

Член 2

За легализираниот објект на лицето Лирим Елмази, објект изграден на државно земјиште под објект му се дозволува мах. површина на градежната парцела поголема од 200 м2 и тоа само - доколку е можно согласно условите во урбанистичко планската документација и условите од терен.

Член 3

Оваа оддлука стапува на сила по објавувањето во службен гласник на Општина Маврово и Ростуше.

Бр. 08-220/5
30.08.2017 г. Ростуше

Совет на Оштина Маврово Ростуше
П р е т с е д а т е л
Неџат Исмаили, с.р.

90.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,,Сл.Весник на РМ'' број 05/2002/, а во согласност со член 34 став 1 точка 3 и член 103 од Статутот на Општина Маврово и Ростуше /,,Сл.Гласник на Општина Маврово и Ростуше'' број 03/2015 (пречистен текст)/, Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуше го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

За прогласување на Одлуката задоделување на финансиска помош за надомест на материјална штета од целосно опожарување на објект

СЕ ПРОГЛАСУВА, Одлуката задоделување на финансиска помош за надомест на материјална штета од целосно опожарување на објект, број 08-220/5 што Советот на Општина Маврово и Ростуше ја донесе на својата 56-та седница, одржана на ден 30.08.2017 година.

Бр.09-223/4
04.09.2017 год. Ростуше

Општина Маврово и Ростуше
Градоначалник
Мукрем Мехмеди с.р

Врз основа на член 62, став 1 од Законот за локална самоуправа / Сл.Весник на РМ број 05/2002/, а во согласност со член 25, став 1, точка 42 од Статутот на Општина Маврово и Ростуше /пречистен текст Сл.Гласник бр.03/2015 година,

Советот на Општина Маврово и Ростуше на седницата одржана на ден 30.08.2017 година, ја донесе следната

О Д Л У К А

За доделување на финансиска помош за надомест на материјална штета од целосно опожарување на штала

Член 1

Се одобрува финансиска помош во износ од 30.000,оо денари за надоместување на причинета материјална штета од целосното опожарување на штала сосптвеност на лицето Љатиф Мурати од с.Врбјане, Општина Маврово и Ростуше.

Член 2

Паричните средства се одобруваат врз основа на поднесено писмено барање од Љатиф Мурати од 31.07.2017 година.

Одобрените парични средства со оваа одлука ќе бидат исплатени од Буџетот на општината за 2017 година, а ќе се исплатат на сметка Љатиф Мурати 200001769429081 Стопанска банка.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен Гласник на Општина Маврово и Ростуше''.

Бр. 08-220/6
30.08.2017 г. Ростуше

Совет на Оштина Маврово Ростуше
П р е т с е д а т е л
Неџат Исмаили, с.р.

91.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,,Сл.Весник на РМ'' број 05/2002/, а во согласност со член 34 став 1 точка 3 и член 103 од Статутот на Општина Маврово и Ростуше /,,Сл.Гласник на Општина Маврово и Ростуше'' број 03/2015 (пречистен текст)/, Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуше го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

За прогласување на Одлуката за одобрување на финансиска поддршка за одржување на меѓународна изложба на Кинологија во Маврово 2017 година

СЕ ПРОГЛАСУВА, Одлуката за одобрување на финансиска поддршка за одржување на меѓународна изложба на Кинологија во Маврово 2017 година, број 08-220/7 што Советот на Општина Маврово и Ростуше ја донесе на својата 56-та седница, одржана на ден 30.08.2017 година.

Бр.09-223/5
04.09.2017 год. Ростуше

Општина Маврово и Ростуше
Градоначалник
Мукрем Мехмеди с.р

Врз основа на член 62, став 1 од Законот за локална самоуправа/ Сл.Весник на РМ број 05/2002/, а во согласност со член 25, став 1, точка 42 од Статутот на Општина Маврово и Ростуше /пречистен текст Сл.Гласник бр.03/2015 година,

Советот на Општината на седницата одржана на ден 30.08.2017 година, ја донесе следната

О Д Л У К А

За одобрување на финансиска поддршка за одржување на меѓународна изложба на Кинологија во Маврово 2017 година

Член 1

Се одобрува финансиска помош во износ од 10.000,00 денари на Кинолошко друштво „Скардус“ од Гостивар за одржување на меѓународна изложба на кучиња во Маврово.

Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од буџетот на општината за 2017 година.

Член 2

Паричната помош се доделува врз основа на поднесено барање од Кинолошкото друштво „Скардус“ од Гостивар.

Средствата ќе бидат уплатени на т-с/ка 290400009114151 – ТТК Банка.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен Гласник на Општина Маврово и Ростуше''.

Бр. 08-220/7
30.08.2017 г. Ростуше

Совет на Оштина Маврово Ростуше
П р е т с е д а т е л
Нецат Исмаили, с.р.

92.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,,Сл.Весник на РМ'' број 05/2002/, а во согласност со член 34 став 1 точка 3 и член 103 од Статутот на Општина Маврово и Ростуше /,,Сл.Гласник на Општина Маврово и Ростуше'' број 03/2015 (пречистен текст)/, Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуше го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

За прогласување на Одлуката за доделување на финансиска помош за надомест на материјална штета од целосно опожарување на објекти.

СЕ ПРОГЛАСУВА, Одлуката за доделување на финансиска помош за надомест на материјална штета од целосно опожарување на објекти, број 08-220/8 што Советот на Општина Маврово и Ростуше ја донесе на својата 56-та седница, одржана на ден 30.08.2017 година.

Бр.09-223/6
04.09.2017 год. Ростуше

Општина Маврово и Ростуше
Градоначалник
Мукрем Мехмеди с.р

Врз основа на член 62, став 1 од Законот за локална самоуправа / Сл.Весник на РМ број 05/2002/, а во согласност со член 25, став 1, точка 42 од Статутот на Општина Маврово и Ростуше /пречистен текст Сл.Гласник бр.03/2015 година,

Советот на Општина Маврово и Ростуше на седницата одржана на ден 30.08.2017 година, ја донесе следната

О Д Л У К А

За доделување на финансиска помош за надомест на материјална штета од целосно опожарување на семејна куќа и штала

Член 1

Се доделува финансиска помош во износ од 60.000,оо денари за надоместување на причинета материјална штета од целосното опожарување на семејната куќа и штала сопственост на лицето Асифа Бектеши од с.Врбјане, Општина Маврово и Ростуше.

Член 2

Паричните средства се доделуваат врз основа на поднесено писмено барање од Асифа Бектеши од 26.07.2017 година.

Одобрените парични средства со оваа одлука ќе бидат исплатени од Буџетот на општината за 2017 година, а ќе се исплатат на сметка _____ Банка.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ‘’Службен Гласник на Општина Маврово и Ростуше’’.

Бр. 08-220/8
30.08.2017 г. Ростуше

Совет на Оштина Маврово Ростуше
П р е т с е д а т е л
Неџат Исмаили, с.р.

93.

Врз основа на член 9 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти /,,Сл.Весник на РМ’’ број 23/2011, 54/2011, 155/2012/, 53/2013, 72/2013 и 44/2014, а во согласност со член 63 од Законот за локална самоуправа /,,Сл.Гласник на Општина Маврово и Ростуша’’ број 05/2002/, Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуше на ден 30.08.2017 година го донесе следново

Р Е Ш Е Н И Е

за формирање на Комисија за утврдување на фактичка состојба со увид на самото место во врска со бесправно изградени објекти на територијата на Општина Маврово и Ростуше

1. Со ова Решение се формира Комисија за утврдување на фактичка состојба со увид на самото место во врска со бесправно изградени објекти на територијата на Општина Маврово и Ростуша во следниот состав:
   - Христина Симеска Попоска – претседател
   - Дијана Трипуновска – член
   - Рената Манојлоска – член
   - Харис Ибраими – член
   - Дијана Стојаноска - член
2. Со влегување во сила на ова Решение, престанува со важност претходно донесените Решенија за оваа намена, а заведени со архивски броеви 09-261/1 од 14.08.2014 година, 09-359/1 од 26.11.2015 година и 09-350/1 од 25.11.2016 година.
3. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе биде објавено во Службен Гласник на Општина Маврово и Ростуше.

Решението е доставен до:
- Архивата на општината
- Членовите на комисијата
- Оделението за урбанизам, ком.дејности и заштита на животна средина

Општина Маврово и Ростуше
ГРАДОНАЧАЛНИК
Мукрем Мехмеди

Број 09-221/1
30.08.2017 год.

94.

Врз основа на член 63 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ", бр.05/2002 од 29.01.2002 год.) и член 75, став1 и 3 од Статутот на Општина Маврово и Ростуше (Пречистен текст објавен во Службен Гласник на Општина Маврово и Ростуше 03/2015), Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуше на ден 22.08.2017 година го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

Барањето на Црковниот одбор од с.Леуново, Општина Маврово и Ростуше, поднесено преку Здружение на Месна заедница с.Леуново, **СЕ ОДОБРУВА.**

На Црковниот одбор од с.Леуново за прослава на денот на света Богородица кој се слави на ден 28 август му се одобруваат финансиски средства во висина од 8.000,оо денари.

Средствата да се исплатат на следната сметка на Здружение на Месна заедница Леуново, бр. 300120000129622, депонент Комерцијална Банка АД Скопје.

Образложение

Од страна на Црковниот одобр на с.Леуново, преку Здружение на Месна заедница с.Леуново до Општина Маврово и Ростуше е поднесено барање за финансиска поддршка со цел прослава на верскиот празник света Богородица кој ова село го слави секоја година на 28 август, како селска слава.

Откако беше разгледано барањето од страна на Градоначалникот и на истото со свој потпис од негова страна и наведен износ на одбрени средства, беше одлучено како во диспозитивот на ова Решение.

Средствата да се исплатат на сметката која е наведена во диспозитивот на ова Решение.

Упатство за правно средство: Против ова Решение незадоволната страна има право на жалба до Комисија формирана од страна на Градоначалникот на општината во рок од 5 дена од денот на примето на Решението.

Решено во Ростуше,
на ден 22.08.2017 год.

ОПШТИНА МАВРОВО И РОСТУШЕ
ГРАДОНАЧАЛНИК
МУКРЕМ МЕХМЕДИ

95.

Врз основа на член 50, став 1, точка 16 од Законот за локална самоуправа („Службен весник" на РМ, бр.05/2002), а во врска со член 23, став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ", бр.199/2014, 44/2015, 193/2015, 31/2016 и 136/2016), Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуше на ден 24.08.2017 година го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

За изменување на Решение бр.09-92/1 од 09.03.2016 год. за формирањена комисија за урбанизам

Со ова Решение за нов член на Комисија за урбанизам се именува лицето Рената Манасијевска.

Решението бр.09-92/1 од 09.03.2016 година во точката 2 од диспозитивот се менува.

Новата точка 2 гласи

"Член – Рената Манасијевска – Дипломиран архитект инженер, вработена во Општина Маврово и Ростуше на работно место Советник за урбанистичко планирање."

Во сите други делови Решението останува непроменето.

Ова Решение влегува во сила од денот на неговото објавување во „Службен гласник на Општина Маврово и Ростуше".

Образложение

Со ова Решение се врши измена на горенаведеното Решение со тоа што лицето Абдија Салиу како досегашен член на Комисијата за урбанизам се разрешува и на негово место се именува лицето Рената Манасијевска вработена во Општина Маврово и Ростуше преку Агенција за привремени вработувања.

Причината за разрешување на горенаведеното лице е поради користење на право на неплатено отсуство од работа во траење од три месеци, па со намера комисијата и понатаму да остане функционална се врши оваа измена.

Новоименуваниот член е должен да го почитува ова Решение, како и Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Решено во с.Ростуше на ден 30.08.2017 год.

ОПШТИНА МАВРОВО И РОСТУШЕ
ГРАДОНАЧАЛНИК
МУКРЕМ МЕХМЕДИ

Доставено до:

- Архива
- Поранешен член - Абдија Салиу
- Нов член - Рената Манасијевска
- Одделение за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и ЛЕР

==========

С О Д Р Ж И Н А

87.Одлука за пристапување кон измена и дополна на дел од Урбанистичкиот план за с.Маврово 105
88.Одлука за определување на места за истакнување на рекламен матријал на политичките партии за локалните избори 2017 година 106
89.Одлуката-измена на член во одлуката заведена под бр.08-364/3 од 30.11.2015 година, за одобрување на земјиште за легално изграден објект, а на барање нха физичко лице. 106
90.Одлуката за доделување на финансиска помош за надомест на материјална штета од целосно опожарување на објект 107
91.Одлуката за одобрување на финансиска поддршка за одржување на меѓународна изложба на Кинологија во Маврово 2017 година 108
92.Одлуката за доделување на финансиска помош за надомест на материјална штета од целосно опожарување на објекти..... ...109
93.Решение за формирање на Комисија за утврдување на фактичка состојба со увид на самото местово врска со бесправно изградени објекти на територијата на Општина Маврово и Ростуше..109
94.Решение за финансиска помош на Црковен одбор с.Леуново..... 110
95.Решение за изменување на Решение бр.09-92/1 за формирање комисија за урбанизам..... 110

ИЗДАВА И УРЕДУВА СЛУЖБА НА ОПШТИНА МАВРОВО И РОСТУШЕ

==========